# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

# ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО ПЗУ АПТЕКИТЕ

Скопје, 2024

# Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија е стратешки купувач на здравствени услуги, во што се сметаат и лековите од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. На примарно ниво на здравствената заштита, осигурениците на Фондот, правото на лек на рецепт на товар на Фондот, го остваруваат преку ПЗУ аптеките, врз основа на пропишан лек на рецепт од избран лекар, согласно законските прописи и договорните одредби од договорот со Фондот.

На обезбедувањето со лекови влијаат повеќе фактори:

- ✓ Бројот, видот и количините на лекови достапни на пазарот во државата, за лекови од Листата на лекови што паѓаат на товар на Фондот,
- Бројот и територијалната распределба на приватните здравствени установи (ординации и аптеки) од Мрежата на здравствени установи кои имаат договор со Фондот,
- Демографската структура на населението/осигурениците во државата,
- Медицинските потреби за лекови на осигурениците,
- Формираните цени на лековите од страна на прозводителите/носителите на одобренијата за ставање лекови во промет, одобрени од Министерството за здравство,
- Надоместоците од Фондот по лек, што се утврдуваат како Референтни цени по INN генеричко име со дозажна форма и јачина на лек, за лековите од Листата на лекови што паѓаат на товар на Фондот,
- Надоместокот од Фондот за услугата што ја вршат ПЗУ аптеките за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт на товар на Фондот,
- Степенот на примената на добра здравствена и фармацевтска пракса, рационалноста и навиките за работа на кадарот во здравствените установи ПЗУ ординациите и аптеките,
- Други фактори.

Следењето на потрошувачката на лекови од Листата на лекови, Фондот го врши во континуитет, по повеќе параметри како што се:

- Број на реализирани рецепти,
- Износи, со и без ДДВ,
- АТК групи на лекови (до 5-то ниво),

- Градови и региони во Македонија,
- Статистички анализи според АТК/ДДД методологијата на СЗО,
- Други параметри.

Овој извештај е подготвен по извршените анализи врз основа на достапните податоци за реализираните рецепти за лекови на товар на Фондот во 2023 година, добиени од информатичкиот систем на Фондот.
Понатаму во овој извештај се прикажани резулататите од спроведените анализи.

## *1 - Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОРСМ*

Потрошувачката на лекови на рецепт на товар на Фондот во периодот од 2015 до 2023 година покажува континуиран пораст во бројот на реализирани рецепти, па така оваа година имаме незначително зголемување на бројот на реализирани рецепти од ~1,3%, додека вкупниот фактуриран износ за лекови на товар на Фондот од ПЗУ аптеките е зголемен за 5,46% во споредба со 2022 година (Табела 1 од овој извештај).

*Табела 1. Број на реализирани рецепти и износи, 2015- 2023 година*

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на рецепти(мил) | 21,13 | 22,27 | 23,09 | 23,67 | 24,30 | 24,55 | 24,77 | 25,01 | 25,30 |
| % на разлика за истиот период претходната година | 9,00% | 5,42% | 3,67% | 2,50% | 2,69% | 1,03% | 0,89% | 0,97% | 1,30% |
| Вкупен износ (милијарда денари со 5%ДДВ) | 2,43 | 2,63 | 2,79 | 2,80 | 2,82 | 2,78 | 2,79 | 2,83 | 2,98 |
| % на разлика за истиот период претходната година | 7,18% | 8,26% | 6,09% | 0,49% | 0,72% | -1,38% | 0,21% | 1,41% | 5,46% |

Како што се гледа од Табелата 1, во 2023 година износот за лекови на рецепт е 2,98 милијарди денари за реализирани 25,30 милиони рецепти.
Зголемената потрошувачка на лекови на рецепт на товар на Фондот го следи и светскиот тренд за зголемена консумација/потрошувачка на лекови.

## *1.2 Потрошувачка на лекови на рецепт според меѓународната АТК класификација на лекови на СЗО*

### 1.2.1 Потрошувачка на лекови по АТК, прво ниво

*Табела 2. Број на реализирани рецепти по АТК прво ниво, 2021 – 2023 година*


| Ред. бр. | АТК група на лекови | 2021 | 2022 | 2023 | Удел 2023 | Разлика изразена во % 2023/2022 | Разлика изразена во % 2023/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови | 10.419.176 | 10.274.052 | 10.220.544 | 40,34% | -0,52% | -1,91% |
| 2 | A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот | 4.044.200 | 4.230.918 | 4.445.481 | 17,54% | 5,07% | 9,92% |
| 3 | N - Лекови со дејство на ЦНС | 4.088.720 | 4.025.336 | 4.058.133 | 16,02% | 0,81% | -0,75% |
| 4 | J - Антиинфективни лекови за системска употреба | 1.614.432 | 1.787.492 | 1.840.554 | 7,26% | 2,97% | 14,01% |
| 5 | R - Лекови за третман на болести на респираторен систем | 1.237.699 | 1.265.617 | 1.299.517 | 5,13% | 2,68% | 4,99% |
| 6 | M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем | 1.161.178 | 1.205.892 | 1.251.463 | 4,94% | 3,78% | 7,78% |
| 7 | G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони | 796.408 | 805.387 | 827.446 | 3,27% | 2,74% | 3,90% |
| 8 | H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин | 446.364 | 464.259 | 454.981 | 1,80% | -2,00% | 1,93% |
| 9 | B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи | 392.416 | 370.203 | 348.232 | 1,37% | -5,93% | -11,26% |
| 10 | S - Лекови кои делуваат на сензорни органи | 286.483 | 294.703 | 297.492 | 1,17% | 0,95% | 3,84% |
| 11 | D - Дерамтолошки лекови | 204.574 | 204.696 | 207.263 | 0,82% | 1,25% | 1,31% |
| 12 | L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови | 43.351 | 43.646 | 42.261 | 0,17% | -3,17% | -2,51% |
| 13 | P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити | 22.216 | 22.550 | 23.543 | 0,09% | 4,40% | 5,97% |
| 14 | V - Останато | 16.758 | 18.638 | 20.867 | 0,08% | 11,96% | 24,52% |
| | Вкупно рецепти | 24.773.975 | 25.013.389 | 25.337.777 | 100% | 1,30% | 2,28% |

Во Табелата 2 се прикажани бројот на реализирани рецепти за лековите според Анатомско-Терапевтско-Хемиска класификација (АТК) на лекови според СЗО.

По АТК прво ниво на лековите, за периодот 2021-2023 година се забележува континуиран пораст на бројот на реализирани рецепти за лекови на рецепт на товар на ФЗОРСМ во примарна здравствена заштита, освен за лекови од АТК групата С (лекови кои делуваат на срце и крвни садови) каде има намалување од околу 0,52% помалку рецепти во однос на 2022 година, кај лековите од АТК-Н има намалување од 2%, лековите од АТК група В (лекови кои делуваат на крвта и крвотворните

органи) бележат намалување од 5,93%, додека кај антинеопластичните и имуномодулаторни лекови се забележува пад на потрошувачката за реализирани рецепти од околу 3,17% споредено со предходната година.

***Графикон 1. Споредба на потрошувачката по АТК групи на лекови по рецепти, 2021-2023***




***Легенда:*** *A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; D - Дерамтолошки лекови; G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони; H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови; M - Лекови со дејство на коскено; N - Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем; P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; R - Лекови за третман на болести на респираторен систем; S - Лекови кои делуваат на сензорни органи; V – Останато*

Во Графиконот 1 даден е приказ на потрошувачката на лекови на АТК прво ниво во последните три години (2021 – 2023 година) од каде може да се забележи дека најголемиот број рецепти се однесуваат на лекови од АТК групата **C** – лекови за кардиоваскуларниот систем. За оваа група на лекови во последните години се намалува бројот на реализирани рецепти но тие се секогаш први по потрошувачка, што е и светски тренд.

Втора по бројот на реализирани рецепти е групата на лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизам (АТК група **A**). За оваа група се реализирани 4,44 милиони рецепти и се бележи зголемување од околу 5% во однос на 2022 година.

На трето место според бројот на реализирани рецепти се лековите од АТК групата N - лекови со дејство на ЦНС со 4,05 милиони реализирани рецепти што е за 0.8% повеќе од претходната година.

Лековите од АТС групата **J** – антиинфективни лекови, исто како и во претходните години се на четвртото место според бројот на реализирани рецепти со 1,84 милиони рецепти, а во однос на 2022 година има зголемување на бројот на реализирани рецепти од околу 2,97%.

***Табела 3. Број на ДДД/1000осигуреници/ден, АТК прво ниво, 2021–2023***


| Ред.бр | АТК група на лекови | 2021 | 2022 | 2023 | Удел 2023 | Разлика изразена во % 2023/2022 | Разлика изразена во % 2023/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови | 404,41 | 391,49 | 394,13 | 53,11% | 0,67% | -2,54% |
| 2 | A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот | 106,81 | 108,63 | 114,71 | 15,46% | 5,60% | 7,40% |
| 3 | N - Лекови со дејство на ЦНС | 91,41 | 87,89 | 88,56 | 11,93% | 0,76% | -3,12% |
| 4 | R - Лекови за третман на болести на респираторен систем | 33,69 | 33,68 | 34,25 | 4,62% | 1,71% | 1,66% |
| 5 | M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем | 30,56 | 30,81 | 32,20 | 4,34% | 4,51% | 5,38% |
| 6 | G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони | 29,59 | 29,96 | 31,28 | 4,22% | 4,40% | 5,72% |
| 7 | J - Антиинфективни лекови за системска употреба | 15,49 | 16,69 | 17,04 | 2,30% | 2,06% | 9,99% |
| 8 | H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин | 14,76 | 14,80 | 14,73 | 1,98% | -0,52% | -0,22% |
| 9 | B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи | 12,39 | 11,61 | 10,82 | 1,46% | -6,77% | -12,65% |
| 10 | S - Лекови кои делуваат на сензорни органи | 2,92 | 3,01 | 3,22 | 0,43% | 6,76% | 10,32% |
| 11 | L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови | 0,99 | 0,95 | 0,93 | 0,13% | -1,69% | -5,62% |
| 12 | P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити | 0,15 | 0,15 | 0,16 | 0,02% | 6,49% | 6,32% |
| 13 | D - Дерамтолошки лекови | / | / | / | | | |
| 14 | V - Останато | / | / | / | | | |
| | Вкупно: | 743 | 730 | 742 | 100,00% | | |

*Напомена: Одредени лекови од АТК групите D и S, но и во други случаи, немаат дефинирани дневни дози од СЗО и таквите лекови не се опфатени во овие споредби.*

Од Табела 3 се забележува дека во 2023 година најголема потрошувачка пресметано по дневно дефинирани дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден се однесува на лековите од АТК групите: С–лекови за кардиоваскуларни болести, А-лекови со

дејство на дигестивниот тракт и метаболизам, N-лекови со дејство на ЦНС и R-лекови за респираторни болести, исто како и предходните 2022 и 2021 години.

***Графикон 2. Потрошувачката на лекови по АТК групи, прво ниво, (ДДД/1000ос./ден), 2021-2023***




*Легенда: A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; D - Дерамтолошки лекови; G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони; H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови; M - Лекови со дејство на коскено; N - Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем; P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; R - Лекови за третман на болести на респираторен систем; S - Лекови кои делуваат на сензорни органи; V – Останато*

Од Графикон 2 се гледа дека повеќе од половина на ддд/1000/ осигуреници на ден се однесуваат на лекови за кардиоваскуларните болести.


Од Табела 4 се забележува дека во 2023 година најголеми износи се издвоени за лековите од АТК групите: C–лекови за кардиоваскуларни болести, R-лекови за респираторни болести, N-лекови за ЦНС и АТК група А- лекови кои делуваат на дигестивниот тракт и метаболизам, исто како и предходните години.

Во 2023 година, за лековите од АТК С групата се издвоени приближно 754,5 милиони денари што претставува 25,32% од вкупно издвоените средства за лекови за оваа година, за лековите за респираторни болести се издвоени 15,9% од вкупните средства за лекови и се за 7,47% повисоки во однос на преходната година а за околу 8,39% повисоки во однос на 2021 година. За лековите за ЦНС се издвоени 457,4 милиони денари или околу 15,35% од вкупните средства за 2023 година. Вкупно за овие три групи на лекови Фондот потрошил околу 1,6 милијарда денари или 56,5% од буџетот за лекови на рецепт.

*Табела 4. Вкупни износи за лекови по АТКгрупи, прво ниво, 2021– 2023 год. (денари)*

| Ред. бр. | АТК група на лекови | 2021 | 2022 | 2023 | Удел 2023 | Разлика изразена во % 2023/2022 | Разлика изразена во % 2023/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови | 711.810.796 | 718.685.105 | 754.516.481 | 25,32% | 4,99% | 6,00% |
| 2 | R - Лекови за третман на болести на респираторен систем | 437.479.430 | 441.218.724 | 474.166.602 | 15,91% | 7,47% | 8,39% |
| 3 | N - Лекови со дејство на ЦНС | 439.017.459 | 435.516.031 | 457.402.809 | 15,35% | 5,03% | 4,19% |
| 4 | A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот | 383.309.621 | 405.263.035 | 436.049.317 | 14,63% | 7,60% | 13,76% |
| 5 | J - Антиинфективни лекови за системска употреба | 317.912.194 | 312.028.230 | 327.347.835 | 10,98% | 4,91% | 2,97% |
| 6 | G - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони | 174.254.361 | 184.445.701 | 195.436.880 | 6,56% | 5,96% | 12,16% |
| 7 | M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем | 117.342.335 | 119.450.221 | 123.023.767 | 4,13% | 2,99% | 4,84% |
| 8 | S - Лекови кои делуваат на сензорни органи | 52.070.288 | 56.771.028 | 59.425.212 | 1,99% | 4,68% | 14,12% |
| 10 | H - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин | 42.453.872 | 43.596.180 | 42.988.295 | 1,44% | -1,39% | 1,26% |
| 9 | B - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи | 48.182.001 | 44.438.532 | 42.400.452 | 1,42% | -4,59% | -12,00% |
| 11 | L - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови | 35.854.554 | 37.447.219 | 39.312.233 | 1,32% | 4,98% | 9,64% |
| 12 | D - Дерамтолошки лекови | 23.250.999 | 22.989.878 | 23.467.628 | 0,79% | 2,08% | 0,93% |
| 13 | V - Останато | 2.214.737 | 2.463.198 | 2.807.532 | 0,09% | 13,98% | 26,77% |
| 14 | P - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити | 1.833.820 | 1.919.515 | 2.091.273 | 0,07% | 8,95% | 14,04% |
| | Вкупно: | 2.786.986.467 | 2.826.232.596 | 2.980.436.315 | 100,00% | 5,46% | 6,94% |

*Графикон 3. Потрошувачката на лекови по АТК групи, прво ниво, по вкупни износи, 2021-2023*




***Легенда: A** - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; **B** - Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; **C** - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; **D** - Дерамтолошки лекови; **G** - Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони; **H** - Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин; **J** - Антиинфективни лекови за системска употреба; **L** - Антинеопластични и имуномодулаторни лекови; **M** - Лекови со дејство на коскено; **N** - Лекови со дејство на ЦНС мускулен систем; **P** - Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; **R** - Лекови за третман на болести на респираторен систем; **S** - Лекови кои делуваат на сензорни органи; **V** – Останато*

### 2.2.2 Потрошувачка на лекови по АТК трето ниво


Според АТК подгрупи на трето ниво, исто како и претходните години, најпотрошувани лекови по број на рецепти се АЦЕ инхибиторите (Инхибитори на ангиотензин конвертирачкиот ензим, АТК код С09А) кои опфаќаат околу 10,5% од вкупниот број на реализирани рецепти, втори се анксиолитиците со околу 9,4% а лековите кои ја намалуваат гликозата во крвта учествуваат со 8,4% во вкупниот број на реализирани рецепти. Десетте најпотрошувани лекови по АТК трето ниво опфаќаат околу 64% од реализираните рецепти за 2023 година (Табела 5).

*Табела 5. Топ -10 лекови по број на реализирани рецепти по АТК трето ниво и удели, 2023*

| Реден број | АТК III ниво | Број на рецепти 2023 | Удел во вкупниот број на рецепти (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | C09A-Агенси кои делуваат на ренин -ангиотензин системот | 2.659.796 | 10,50% |
| 2 | N05B-анксиолитици | 2.387.194 | 9,42% |
| 3 | A10B-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта | 2.135.284 | 8,43% |
| 4 | A02B-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс | 1.920.027 | 7,58% |
| 5 | C07A-бета блокатори | 1.855.024 | 7,32% |
| 6 | C10A-агенси за модификација на липиди | 1.798.154 | 7,10% |
| 7 | M01A-нестероидни антиинфламаторн и антиревматици | 1.064.706 | 4,20% |
| 8 | C09C-блокатори на ангиотензин II рецептори | 875.361 | 3,45% |
| 9 | J01C-бета- лактамски антибактерици, пеницилини | 825.528 | 3,26% |
| 10 | C08C-селективни блокатори на калциумови канали | 762.697 | 3,01% |
| | Вкупно АТЦ трето ниво -Топ 10 | 16.283.771 | 64,27% |
| | Вкупно АТЦ трето ниво -останати лекови | 9.054.006 | 35,73% |
| | Вкупно | 25.337.777 | 100,00% |

Во графикон 4 прикажани се топ 10 групи на лекови по АТК трето ниво за 2023 година, каде се гледа дека во топ три најпотрошувани групи на лекови по ДДД/1000 осигуреници на ден се C10A-агенси за модификација на липиди; C09A-Агенси кои делуваат на ренин -ангиотензин системот; A02B-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс.

*Графикон 4. Топ 10 лекови по АТК трето ниво (ДДД/1000осигуреници/ден) за 2023 година*




***C10A**-агенси за модификација на липиди; **C09A**-Агенси кои делуваат на ренин -ангиотензин системот; **A02B**-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс; **C09C**-блокатори на ангиотензин II рецептори; **A10B**-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта; **C08C**- Селективни блокатори на калциумови канали[i]; **N05B**-анксиолитици; **G04C**-лекови за бенингна хипертрофија на простата; **C07A**-бета блокатори; **M01A**-нестероидни антиинфламаторн и антиревматици;*

Според вкупните фактурирани износи, најмногу средства се одвоени за лековите кои го намалуваат нивото на серумските липиди (C10A) со околу 10,7% од вкупниот износ за лекови фактурирани од ПЗУ аптеките. На второ место се наоѓаат адренергици, инхалатори со над 8.7% во вкупниот износ а на трето место се наоѓаат лековите кои ја намалуваат гликозата во крвта со околу 5,7 % од вкупниот износ за лекови на рецепт. Првите топ десет лекови по АТК трето ниво учествуваат со околу 55% во вкупниот износ на товар на ФЗОРСМ (Табела 6).

*Табела 6. Топ 10 лекови по АТК трето ниво по износи (денари) за 2023 година*

| Реден број | АТК III ниво | Вкупен износ 2023 | Удел во вкупниот број на рецепти (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | C10A-агенси за модификација на липиди | 319.973.350 | 10,74% |
| 2 | R03A - адренергици, инхалатори | 261.471.244 | 8,77% |
| 3 | A10B-лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта | 172.087.073 | 5,77% |
| 4 | G04C-лекови за бенигна хипертрофија | 158.336.859 | 5,31% |
| 5 | A02B-лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс | 155.352.404 | 5,21% |
| 6 | C09C-блокатори на ангиотензин II рецептори | 125.885.464 | 4,22% |
| 7 | J01C-бета- лактамски антибактерици, пеницилини | 122.691.353 | 4,12% |
| 8 | J01D- други бета лактамски антибактерици | 121.851.488 | 4,09% |
| 9 | R03B- други лекови за обструктивни болести на дишни патишта, инхалатори | 119.876.115 | 4,02% |
| 10 | C07A-бета блокатори | 99.833.680 | 3,35% |
| | Вкупно АТЦ трето ниво -Топ 10 | 1.657.359.030 | 55,61% |
| | Вкупно АТЦ трето ниво -останати лекови | 1.323.077.285 | 44,39% |
| | Вкупно | 2.980.436.315 | 100,00% |

## 2.2.3 Потрошувачка на лекови по АТК петто ниво


Во 2023 година најкористен лек според бројот на реализирани рецепти е лекот Metformin. Овој лек спаѓа во групата лекови кои ја намалуваат гликозата во крвта. Овој лек учествува со 7,4% од вкупниот број на реализирани рецепти за 2023 година. Втор најпотрошуван лек е Enalapril, кој спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот наменет за терапија на покачен крвен притисок со 6,72% од вкуниот број на реализирани рецепти. Лекот со генеричко име

Diazepam е на трето место според потрошувачата на лекови и опфаќа 5,3 % од вкупно реализираните рецепти. Десетте најпотрошувани генерики на АТК петто ниво опфаќаат 46% од вкупниот број на реализирани рецепти (Табела 7).

*Табела 7. Топ -10 лекови по број на реализирани рецепти по АТК петто ниво и удели за број рецепти, 2023 година*

| Ред.бр | АТК V ниво | Генеричко име | Број на рецепти | Удел во вкупнио |
|---|---|---|---|---|
| 1 | A10BA02 | METFORMIN | 1.880.802 | 7,42% |
| 2 | C09AA02 | ENALAPRIL | 1.702.782 | 6,72% |
| 3 | N05BA01 | DIAZEPAM | 1.345.509 | 5,31% |
| 4 | C07AB07 | BISOPROLOL | 1.187.432 | 4,69% |
| 5 | A02BC02 | PANTOPRAZOLE | 1.182.300 | 4,67% |
| 6 | C09AA03 | LISINOPRIL | 957.014 | 3,78% |
| 7 | C10AA07 | ROSUVASTATIN | 947.597 | 3,74% |
| 8 | C09CA01 | LOSARTAN | 875.361 | 3,45% |
| 9 | C10AA05 | ATORVASTATIN | 837.555 | 3,31% |
| 10 | C03CA01 | FUROSEMID | 751.075 | 2,96% |
| | | Вкупно АТЦ-петто ниво- Топ 10 | 11.667.427 | 46,05% |
| | | Вкупно АТЦ-петто ниво- останати лекови | 13.670.350 | 53,95% |
| | | Вкупно | 25.337.777 | |

*Графикон 5. Топ 10 лекови по ДДД/1000 осигуреници/ден, 2023 година*




***Легенда:** **C10AA07**-Rosuvastatin: **C09AA02**-Enalapril; **C09AA03**-Lisinopril; **C09CA01**-Losartan; **C10AA05**-Atorvastatin; **A02BC02**-Pantoprazole; **A10BA02**-Metformin; **C08CA01**- Amlodipine; **N05BA01**-Diazepam; **G04CA02**- Tamsulosin.*

Според вкупните фактурирани износи на првата позиција се наоѓа лекот од групата на кардиолошки лекови што го намалуваат нивото на серумски липиди Rosuvastatin. На овој лек отпаѓа 6,6 % од вкупниот фактуриран износ за лекови на рецепт во 2023 година. Генеричките лекови Metformin и Formoterol+Beclometasone се наоѓаат на второ односно трето место по износите што се издвоени за овие лекови во 2023 година (Табела 8) .

*Табела 8. Топ 10 лекови по потрошувачка според фактурирани износи, 2023 година*

| Ред.бр | АТК V ниво | Генеричко име | Вкупен износ | Удел во вкупнио |
|---|---|---|---|---|
| 1 | C10AA07 | ROSUVASTATIN | 199.528.834 | 6,69% |
| 2 | A10BA02 | METFORMIN | 133.598.861 | 4,48% |
| 3 | R03AK07 | FORMOTEROL+BECLOMETASONE | 127.267.206 | 4,27% |
| 4 | C09CA01 | LOSARTAN | 125.885.464 | 4,22% |
| 5 | C10AA05 | ATORVASTATIN | 119.521.694 | 4,01% |
| 6 | A02BC02 | PANTOPRAZOLE | 104.912.397 | 3,52% |
| 7 | J01CR02 | AMOXICILLIN + CLAVULANIC ACID | 97.570.747 | 3,27% |
| 8 | J01DD08 | CEFIXIME | 89.940.294 | 3,02% |
| 9 | G04CA02 | TAMSULOSIN | 85.548.412 | 2,87% |
| 10 | R03AK06 | SALMETEROL + FLUTICASONE | 75.599.218 | 2,54% |
| | | Вкупно АТЦ-петто ниво- Топ 10 | 1.159.373.126 | 38,90% |
| | | Вкупно АТЦ-петто ниво- останати лекови | 1.821.063.189 | 61,10% |
| | | Вкупно | 2.980.436.315 | |

### *2.3 Потрошувачка на лекови на рецепт по подрачни служби на Фондот*

Во 2023 година се бележи зголемување на бројот на реализирани рецепти во однос на 2022 година во 26 подрачна служба на Фондот. Најголем раст на бројот на реализирани рецепти во споредба со предходната 2022 година се бележи во ПС Валандово со околу 9,2% а најголем пад во бројот на реализирани рецепти се јавува во ПС Крушево со скоро 0,5 % помал број на реализирани рецепти во однос на 2022 година. Во Табелата 9 е даден преглед на бројот на реализирани рецепти за лекови по подрачни служби на Фондот и споредба на просечниот број на рецепти по осигуреник за 2021, 2022 и 2023 година.

*Табела 9. Потрошувачка на лекови во ПЗЗ по подрачни служби на Фондот, 2021-2023 година*

| Ред. Бр. | ФЗО Подрачна служба | Број на рецепти 2021 | Број на рецепти 2022 | Број на рецепти 2023 | Удел во вкупен број на рецепти 2023 | Разлика 2023/2022 (%) | Просечен број на рецепти по осигуреник 2021 | Просечен број на рецепти по осигуреник 2022 | Просечен број на рецепти по осигуреник 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 304.355 | 309.506 | 315.846 | 1,2% | 2,0% | 21,92 | 21,51 | 22,20 |
| 2 | Битола | 1.432.496 | 1.467.742 | 1.473.818 | 5,8% | 0,4% | 15,90 | 15,78 | 15,94 |
| 3 | Брод | 82.875 | 103.929 | 110.238 | 0,4% | 6,1% | 11,74 | 14,11 | 15,20 |
| 4 | Валандово | 191.171 | 160.823 | 175.588 | 0,7% | 9,2% | 20,41 | 16,26 | 18,00 |
| 5 | Велес | 835.375 | 837.795 | 854.658 | 3,4% | 2,0% | 15,16 | 14,78 | 15,09 |
| 6 | Виница | 228.987 | 230.234 | 232.403 | 0,9% | 0,9% | 15,65 | 15,13 | 15,50 |
| 7 | Гевгелија | 561.593 | 580.899 | 590.120 | 2,3% | 1,6% | 19,42 | 19,53 | 20,14 |
| 8 | Гостивар | 915.703 | 973.448 | 990.096 | 3,9% | 1,7% | 10,68 | 11,10 | 11,24 |
| 9 | Дебар | 211.586 | 209.102 | 214.073 | 0,8% | 2,4% | 10,35 | 9,98 | 10,16 |
| 10 | Делчево | 391.719 | 391.884 | 392.284 | 1,5% | 0,1% | 19,98 | 19,36 | 19,64 |
| 11 | Демир Хисар | 109.865 | 114.557 | 114.861 | 0,5% | 0,3% | 17,86 | 18,12 | 18,22 |
| 12 | Кавадарци | 596.967 | 599.983 | 611.576 | 2,4% | 1,9% | 14,35 | 14,00 | 14,34 |
| 13 | Кичево | 671.463 | 642.046 | 641.831 | 2,5% | 0,0% | 16,11 | 15,08 | 15,05 |
| 14 | Кочани | 631.183 | 633.063 | 636.010 | 2,5% | 0,5% | 17,18 | 16,82 | 17,08 |
| 15 | Кратово | 108.032 | 106.021 | 108.710 | 0,4% | 2,5% | 16,39 | 15,66 | 16,02 |
| 16 | Крива Паланка | 283.710 | 290.601 | 298.103 | 1,2% | 2,6% | 14,84 | 14,63 | 15,02 |
| 17 | Крушево | 71.247 | 68.923 | 68.610 | 0,3% | -0,5% | 8,54 | 8,01 | 7,99 |
| 18 | Куманово | 1.541.265 | 1.557.500 | 1.580.363 | 6,2% | 1,5% | 13,07 | 12,78 | 12,90 |
| 19 | Неготино | 362.951 | 371.243 | 371.629 | 1,5% | 0,1% | 19,96 | 19,46 | 19,40 |
| 20 | Охрид | 926.609 | 929.228 | 927.395 | 3,7% | -0,2% | 17,49 | 16,70 | 16,68 |
| 21 | Прилеп | 1.281.310 | 1.290.061 | 1.303.195 | 5,1% | 1,0% | 15,89 | 15,55 | 15,93 |
| 22 | Пробиштип | 194.208 | 199.702 | 207.137 | 0,8% | 3,7% | 15,86 | 15,72 | 16,38 |
| 23 | Радовиш | 266.234 | 268.886 | 276.027 | 1,1% | 2,7% | 10,44 | 10,33 | 10,73 |
| 24 | Ресен | 246.292 | 246.914 | 248.620 | 1,0% | 0,7% | 16,53 | 15,99 | 15,93 |
| 25 | Свети Николе | 216.207 | 228.975 | 232.936 | 0,9% | 1,7% | 14,20 | 14,16 | 14,69 |
| 26 | Скопје | 7.722.067 | 7.761.499 | 7.853.624 | 31,0% | 1,2% | 12,61 | 12,34 | 12,41 |
| 27 | Струга | 729.038 | 741.111 | 739.879 | 2,9% | -0,2% | 14,26 | 14,11 | 14,09 |
| 28 | Струмица | 1.216.032 | 1.204.001 | 1.225.244 | 4,8% | 1,8% | 15,36 | 14,97 | 15,20 |
| 29 | Тетово | 1.756.019 | 1.784.421 | 1.830.770 | 7,2% | 2,6% | 10,49 | 10,40 | 10,63 |
| 30 | Штип | 687.416 | 709.292 | 712.133 | 2,8% | 0,4% | 13,89 | 13,89 | 14,15 |
| | Вкупно | 24.773.975 | 25.013.389 | 25.337.777 | | | 13,74 | 13,49 | 13,66 |

Во следната Табела 10 дадена е споредбата на вкупните износи по подрачни служби како и просечните износи по осигуреник за 2021, 2022 и 2023 година. Од оваа табела може да се види дека најголем удел во износот издвоен за рецепти се бележи во ПС Скопје, ПС Тетово и ПС Куманово.

*Табела 10. Потрошувачка на лекови на рецепт по подрачни служби на Фондот, по износи, 2021-2023година*

| Реден број | ФЗО Подрачна служба | Вкупен износ (денари) 2021 | Вкупен износ (денари) 2022 | Вкупен износ (денари) 2023 | Удел во вкупниот износ за 2023 | Разлика 2023/2022 година (%) | Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2021 | Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2022 | Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 30.550.464 | 31.166.603 | 32.891.329 | 1,1% | 5,5% | 2.199,93 | 2.166,30 | 2.311,57 |
| 2 | Битола | 149.558.058 | 155.046.653 | 162.797.053 | 5,5% | 5,0% | 1.659,75 | 1.666,94 | 1.760,35 |
| 3 | Брод | 7.965.275 | 10.397.591 | 11.596.533 | 0,4% | 11,5% | 1.128,07 | 1.411,37 | 1.598,64 |
| 4 | Валандово | 18.226.184 | 15.659.429 | 17.921.055 | 0,6% | 14,4% | 1.945,79 | 1.583,52 | 1.837,49 |
| 5 | Велес | 90.749.410 | 91.470.763 | 96.812.869 | 3,2% | 5,8% | 1.646,88 | 1.613,58 | 1.709,51 |
| 6 | Виница | 23.653.649 | 23.840.704 | 25.065.069 | 0,8% | 5,1% | 1.616,24 | 1.567,02 | 1.671,90 |
| 7 | Гевгелија | 55.775.055 | 58.471.228 | 62.103.459 | 2,1% | 6,2% | 1.928,33 | 1.965,88 | 2.118,99 |
| 8 | Гостивар | 113.547.270 | 119.594.374 | 126.561.690 | 4,2% | 5,8% | 1.324,83 | 1.364,22 | 1.436,62 |
| 9 | Дебар | 23.792.617 | 23.789.685 | 25.378.409 | 0,9% | 6,7% | 1.163,40 | 1.135,76 | 1.204,08 |
| 10 | Делчево | 37.987.782 | 38.641.096 | 40.064.130 | 1,3% | 3,7% | 1.937,95 | 1.908,58 | 2.006,01 |
| 11 | Демир Хисар | 10.137.793 | 10.525.821 | 10.783.864 | 0,4% | 2,5% | 1.647,62 | 1.664,69 | 1.710,91 |
| 12 | Кавадарци | 72.739.737 | 72.389.463 | 78.033.233 | 2,6% | 7,8% | 1.748,34 | 1.688,54 | 1.830,13 |
| 13 | Кичево | 74.308.422 | 71.259.413 | 74.726.779 | 2,5% | 4,9% | 1.783,13 | 1.673,74 | 1.751,76 |
| 14 | Кочани | 69.218.361 | 69.670.887 | 72.195.708 | 2,4% | 3,6% | 1.883,85 | 1.851,52 | 1.939,34 |
| 15 | Кратово | 11.323.602 | 11.308.492 | 11.872.794 | 0,4% | 5,0% | 1.718,04 | 1.670,14 | 1.749,86 |
| 16 | Крива Паланка | 31.028.382 | 31.495.804 | 33.615.145 | 1,1% | 6,7% | 1.622,57 | 1.586,13 | 1.693,97 |
| 17 | Крушево | 7.953.590 | 7.997.059 | 8.395.288 | 0,3% | 5,0% | 953,67 | 929,03 | 977,79 |
| 18 | Куманово | 180.149.954 | 181.028.445 | 188.759.737 | 6,3% | 4,3% | 1.527,65 | 1.485,65 | 1.541,05 |
| 19 | Неготино | 36.607.757 | 37.757.368 | 39.712.046 | 1,3% | 5,2% | 2.012,74 | 1.979,62 | 2.073,30 |
| 20 | Охрид | 104.804.153 | 108.081.854 | 113.864.621 | 3,8% | 5,4% | 1.978,44 | 1.942,35 | 2.048,48 |
| 21 | Прилеп | 141.065.089 | 143.533.473 | 150.229.918 | 5,0% | 4,7% | 1.749,08 | 1.730,22 | 1.835,95 |
| 22 | Пробиштип | 19.733.655 | 20.492.503 | 22.597.969 | 0,8% | 10,3% | 1.611,44 | 1.612,82 | 1.786,68 |
| 23 | Радовиш | 32.723.840 | 33.760.303 | 36.599.736 | 1,2% | 8,4% | 1.283,09 | 1.296,98 | 1.423,39 |
| 24 | Ресен | 25.280.817 | 25.391.584 | 26.369.413 | 0,9% | 3,9% | 1.696,47 | 1.644,53 | 1.690,02 |
| 25 | Свети Николе | 24.167.031 | 26.124.069 | 28.236.383 | 0,9% | 8,1% | 1.587,33 | 1.615,79 | 1.780,24 |
| 26 | Скопје | 903.059.197 | 910.277.430 | 959.473.713 | 32,2% | 5,4% | 1.474,12 | 1.446,89 | 1.515,70 |
| 27 | Струга | 81.095.543 | 83.429.908 | 87.222.483 | 2,9% | 4,5% | 1.586,50 | 1.588,72 | 1.661,60 |
| 28 | Струмица | 130.527.050 | 129.013.847 | 136.351.845 | 4,6% | 5,7% | 1.648,19 | 1.604,13 | 1.691,35 |
| 29 | Тетово | 198.983.807 | 199.931.998 | 211.716.695 | 7,1% | 5,9% | 1.188,56 | 1.164,98 | 1.229,10 |
| 30 | Штип | 80.272.923 | 84.684.748 | 88.487.351 | 3,0% | 4,5% | 1.621,51 | 1.658,50 | 1.758,21 |
| | Вкупно | 2.786.986.467 | 2.826.232.596 | 2.980.436.315 | | | 1546,153 | 1524,0636 | 1606,33 |

Просечно во 2023 година се реализирани 13,66 рецепти по осигуреник, додека фактурираниот износ просечно по осигуреник за истиот период изнесува 1.606,33 денари.

### *2.4 Потрошувачка на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици*

Со цел рационално пропишување и употреба на лековите, особено за лековите од групата на антибиотици и анксиолитици, Фондот за здравствено осигурување преку Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита воведе превентивни мерки и активности со цел за унапредување на здравствената состојба, спречување, сузбивање и рано откривање на болести и други нарушувања на здравјето, кои се вршат од страна на избраниот лекар. Здравствените установи за постигнување на превентивните мерки и активности (цели) изготвуваат план на активности. Фондот воведе контролни механизми за избраните лекари преку пресметки врзани за нивните цели.

Заради тоа како дел од анализите за потрошувачката на лекови на товар на Фондот посебно внимание се одвојува на анализа на потрошувачката на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици.

Во Табелата 11 даден е преглед на потрошувачка на лекови на товар на Фондот по број на реализирани рецепти за групата на антибиотици и анксиолитици за период од 2021 до 2023 година.

*Табела 11. Реализирани рецепти за антибиотици и анксиолитици, 2021-2023 година*


| АТЦ | Генеричко име | Број на рецепти 2021 | Број на рецепти 2022 | Број на рецепти 2023 |
|---|---|---|---|---|
| **Антибиотици** | | | | |
| J01AA02 | Doxycycline | 2.342 | 2.356 | 1.970 |
| J01CA04 | Amoxicillin | 121.822 | 136.702 | 129.540 |
| J01CE10 | Benzathine phenoxymethylpenicillin | 29.452 | 43.235 | 51.853 |
| J01CR02 | Amoxicillin +clavulanic acid | 466.371 | 608.508 | 644.135 |
| J01DB01 | Cefalexin | 98.119 | 113.610 | 116.702 |
| J01DB05 | Cefadroxil | 16.385 | 3.995 | 8.455 |
| J01DC02 | Cefuroxime | 78.708 | 77.317 | 74.572 |
| J01DC04 | Cefaclor | 27.328 | 13.277 | 1.401 |
| J01DD08 | Cefixime | 181.273 | 174.633 | 174.050 |
| J01EE01 | Sulfamethoxazole+ trimethoprim | 23.007 | 26.593 | 29.164 |
| J01EE03 | Sulfametrole+ trimethoprim | 0 | 0 | 0 |
| J01FA01 | Erythromycin | 3.831 | 3.804 | 3.815 |
| J01FA03 | Midecamycin | 14.502 | 19.317 | 16.062 |
| J01FA09 | Clarithromycin | 93.215 | 104.765 | 103.717 |
| J01FA10 | Azithromycin | 178.310 | 156.282 | 167.741 |
| J01FF01 | Clindamycin | 36.073 | 38.796 | 42.054 |
| J01MA02 | Ciprofloxacin | 170.142 | 186.328 | 186.434 |
| J01MA03 | Pefloxacin | 378 | 19 | 3 |
| J01MA06 | Norfloxacin | 20.453 | 20.634 | 20.194 |
| J01MB04 | Pipemidic acid | 0 | 0 | |
| | Вкупно антибиотици | 1.561.711 | 1.730.171 | 1.771.862 |
| | | | 111% | 102% |
| **Анксиолитици** | | | | |
| N05BA01 | Diazepam | 1.380.405 | 1.352.396 | 1.345.509 |
| N05BA08 | Bromazepam | 395.466 | 381.443 | 379.312 |
| N05BA12 | Alprazolam | 650.715 | 647.877 | 662.373 |
| | Вкупно анксиолитици | 2.426.586 | 2.381.716 | 2.387.194 |
| | | 105,6% | 98,2% | 100,2% |

Од Табелата 11 може да се види дека во 2023 година има зголемување на вкупниот број на реализирани рецепти за лековите од групата на антибиотици и тоа за околу 2% во однос на 2022 година. По број на реализирани рецепти, значително е зголемена потрошувачката на генеричките лекови Amoxicillin + clavulanic acid, Azithromycin и

Benzathine phenoxymethylpenicillin а намалување има кај лекот Cefaclor, Amoxicylin и Midecamycin.

На прво место според бројот на реализирани рецепти се наоѓа лекот со генеричко име Amoxicillin + clavulanic acid, исто така и според бројот на ДДД/1000осигуреници/ден (Графикон 6).

***Графикон 6. Потрошувачка на антибиотици по ДДД/1000осигуреници/ден, 2021 – 2023 година***





Според податоците за потрошените дневни дефинирани дози на лековите на 1000 осигуреници на ден, има незначително зголемување на потрошувачката кај поголем број на антибиотици а лековите со генеричко име Amoxicillin + clavulanic acid, Benzathine phenoxymethylpenicillin и Azithromycin има видно зголемување. Значително намалување на потрошувачката се забележува за антибиотиците со INN Amoxicylin, Cefuroxime, Clarithromycin и Cefaclor.

Вкупниот број на реализирани рецепти за лековите од групата на анксиолитици во 2023 година бележи мало зголемување во однос на 2022 година за околу 0,2%. Пад на бројот на рецепти има кај генериките Diazepam и Bromazepam, а кај гененриката Alprazolam се бележи зголемување (Табела 11). Исто така, бројот на

ДДД/1000осигуреници/ден е намален кај генериките Diazepam и Bromazepam, а кај геннериката Alprazolam се бележи зголемување (Графикон 7).

***Графикон 7. Потрошувачка на анксиолитици, ДДД/1000осигуреници/ден, 2021- 2023 година***




Од Табелата 12 може да се забележи дека во 2023 година има зголемување на вкупниот фактуриран износ кај лековите од групата на антибиотици и тоа за приближно 5%, односно околу 13,6 милиони денари повеќе одвоени средства во однос на претходната 2022 година, додека кај анксиолитиците има зголемување на износот за приближно 2%, споредено со 2022 година, односно за оваа група на лекови во 2023 година се одвоени околу 1,1 милион денари повеќе во однос на 2022 година.

*Табела 12. Потрошувачка на антибиотици и анксиолитици по вкупен износ за 2021-2023 година*

| АТЦ | Генеричко име | Вкупен износ 2021 | Вкупен износ 2022 | Вкупен износ 2023 |
|---|---|---|---|---|
| **Антибиотици** | | | | |
| J01AA02 | Doxycycline | 39.400 | 40.312 | 34.458 |
| J01CA04 | Amoxicillin | 7.776.373 | 8.615.131 | 7.773.167 |
| J01CE10 | Benzathine phenoxymethylpenicillin | 9.925.088 | 14.307.440 | 17.347.440 |
| J01CR02 | Amoxicillin +clavulanic acid | 66.874.467 | 87.591.018 | 97.570.747 |
| J01DB01 | Cefalexin | 10.539.233 | 12.211.042 | 12.738.522 |
| J01DB05 | Cefadroxil | 3.607.393 | 1.030.680 | 2.030.687 |
| J01DC02 | Cefuroxime | 16.586.788 | 17.052.591 | 16.880.363 |
| J01DC04 | Cefaclor | 4.564.492 | 2.385.885 | 261.622 |
| J01DD08 | Cefixime | 121.080.247 | 89.151.262 | 89.940.294 |
| J01EE01 | Sulfamethoxazole+ trimethoprim | 1.322.551 | 1.541.038 | 1.706.462 |
| J01EE03 | Sulfametrole+ trimethoprim | 0 | 0 | 0 |
| J01FA01 | Erythromycin | 631.579 | 646.070 | 667.479 |
| J01FA03 | Midecamycin | 2.562.005 | 3.436.511 | 2.754.433 |
| J01FA09 | Clarithromycin | 21.672.717 | 24.500.089 | 23.979.972 |
| J01FA10 | Azithromycin | 18.781.176 | 16.471.582 | 18.107.300 |
| J01FF01 | Clindamycin | 6.121.952 | 6.607.490 | 7.297.889 |
| J01FF02 | Lincomycin | 0 | 0 | 0 |
| J01MA02 | Ciprofloxacin | 10.029.162 | 11.037.926 | 11.243.425 |
| J01MA03 | Pefloxacin | 80.733 | 4.058 | 641 |
| J01MA06 | Norfloxacin | 2.775.492 | 2.802.850 | 2.793.476 |
| J01MB04 | Pipemidic acid | 0 | 0 | 0 |
| | Вкупно антибиотици | 304.970.849 | 299.432.975 | 313.128.376 |
| | | 106% | 98% | 105% |
| **Анксиолитици** | | | | |
| N05BA01 | Diazepam | 28.347.139 | 27.727.426 | 27.984.026 |
| N05BA08 | Bromazepam | 6.703.440 | 6.467.155 | 6.547.114 |
| N05BA12 | Alprazolam | 15.288.633 | 15.327.613 | 16.115.755 |
| | Вкупно анксиолитици | 50.339.213 | 49.522.194 | 50.646.895 |
| | | 105% | 98% | 102% |

## 3. Заклучоци

Врз основа на резултатите од спроведените анализи на достапните податоци за потрошувачката на лекови на рецепт на товар на Фондот за 2023 година, може да се заклучи дека генерално има умерен благ пораст на потрошувачката на лековите на рецепт од Листата на лекови кои се на товар на Фондот, што укажува на добро обезбедување на осигурениците со лекови на рецепт во рамки на моменталната структура на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, како и според пазарните и другите услови во дражавата кои влијаат на потрошувачката на лекови.

- Постои континуиран тренд на зголемување на снабдувањето со лекови на рецепт на осигурениците на ФЗОРСМ. Со зголемувањето на количините на обезбедените лекови и соодветно вкупните износи за лекови на рецепт на товар на ФЗОРСМ бележат значаен пораст во периодот 2015 до 2023 година од околу 20% и 23%

- Во 2023 година на товар на ФЗОМ во аптеките се реализирани 25,3 милиони рецепти, со вкупен износ на товар на Фондот од 2,98 милијарда денари.

- Најпотрошувани лекови во 2023 година на АТК прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000/ден и по износи.

- Најпотрошувани лекови во 2023 година на АТК трето ниво според број на реализирани рецепти се С09А- АЦЕ инхибиторите.

- Во однос на потрошувачката по број на ДДД/1000/ден и издвоени средства на лековите по АТК трето ниво, најмногу се издвоени за лековите од С10А – агенси за модификација на липиди.

- Најкористен лек на АТК петто ниво во 2023 година според бројот на реализирани рецепти, е лекот Metformin со вкупно 1,88 милиони реализирани рецепти, што претставува околу 7,42 % од вкупно реализирани рецепти.

- Според ДДД/1000/ден во 2023 година, според АТК петто ниво најкористен е лекот Rosuvastatin со околу 73,52 ДДД/1000 осигуреници/ден.

- Според АТК петто ниво, најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Rosuvastatin со вкупно 199,5 милиони денари.

- Најголема потрошувачка има преку аптеките на територија на ПС Скопје (град Скопје и околината) каде се реализирани вкупно 7.853.624 рецепти (околу 31%) во вкупен износ 959.473.713 денари (околу 32,2%).

- На ниво на РМ во 2023 година просечно се реализирани околу 13,66 рецепти по осигуреник.

- Најмногу рецепти по подрачни служби по осигуреник се реализирани во Подрачните служби Берово и Гевгелија со просечно околу 22,2 односно 20,4 рецепти по осигуреник.

- На државно ниво, во 2023 година за лекови на рецепт просечно Фондот платил по 1.606,33 денари по осигуреник.

- Најмногу средства по осигуреник за лекови на рецепт се издвоени во Подрачните служби Берово - со околу 2.311 денари и Гевгелија - со 2.119денари.

- Бројот реализирани рецепти за лековите од групата антибиотици во 2023 година е зголемен за 2% во однос на предходната 2022 година, додека потрошувачката на анксиолитици по број на реализирани рецепти е зголемен незначително за 0,2% во однос на предходната 2022 година.

- Од анализата на потрошувачката по ДДД, најмногу единици се издадени за антибиотикот Amoxicillin + clavulanic acid со вкупно 6,16 ДДД единици. Од групата на анксиолитици најпотрошуван е лекот со генеричко име Diazepam кој има потрошувачка од 21,44 ДДД единици на 1000 осигуреници на ден.

- Вкупниот издвоен износ за лековите од групата антибиотици и анксиолитици во 2023 година е зголемен за околу 5% и 2% во однос на предходната 2022 година.

Сектор за фармација